Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс 02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi 02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 04-1963/4
30-11-2022 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа член 11 и член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18" и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20 и 215/21), а во врска со објавениот Интерен оглас за вработување во Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.01/2022, ВД Генерален Секретар на Судски совет на Република Северна Македонија донесе:

# ОДЛУКА

за избор на кандидат по интерен оглас бр.1/2022 за унапредување на административен службеник во Судскиот совет на Република Северна Македонија

1. Кандидатот Ридван Мемети, по пат на интерен оглас бр.1/2022, се избира за работно место УПР0101В01000 Советник – преведувач од македонски на албански јазик и обратно, Одделение за информатичко – комуникациски технологии на Судски буџетски совет, Сектор за судски буџет, Стручна служба на Судскиот совет на Република Северна Македонија – 1 извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас бр.1/2022 од 18.11.2022 година бр.04-1963/1 од 15.11.2022.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии, В.Д. Генералниот секретар на Судскиот совет на РСМ упати барање со архивски број 04-1963/2 од 15.11.2022 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Судскиот совет на Република Северна Македонија. Судскиот совет објави интерен оглас бр.01/2022 за унапредување на 1(еден) административен службеник во Судскиот совет на РСМ на ден 18.11.2022 година на веб страницата на Советот и на веб страницата на Агенција за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник,комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на В.Д. Генералниот секретар на Судскиот совет на РСМ со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архиски број 04-1963/7 од 23.11.2022 година, направи административна селекција на пријавениот кандидат кој ги исполни условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Судскиот совет на РСМ. Врз основа на освоените бодови на административната селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас за број 01/2022 за унапредување на административен службеник со архиски број 04-1963/9 од 29.11.2022 година, Записник за спроведено интервју за унапредување на административен службеник на работно место од категорија В со архивски број 04-1963/10 од 29.11.2022 година и изготви финална ранг листа и предлог одлука за избор на кандидат по интерен оглас 01/2022. По конечноста на оваа одлука ќе се донесе решение за унапредување на именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од нејзиното објавување на веб страната на Советот.

**ВД Генерален секретар**
**Весна Толева**